Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 24.10.2021

На 23.10.2021 во 09.30 часот на ул.„Стево Филиповиќ" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода К.Г.(19) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана, семки и делови од стебла од растението канабис и саксија со растението канабис. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2021 во 21.30 часот на ул.,,Рампо Левката" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.Д.(38) од Прилеп, затоа што бил затекнат додека извршувал тешка кражба во патничко возило „бмв", со прилепски регистарски ознаки. Кај него биле пронајдени и одземени предметите кои би одзел од возилото. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2021 во 23.20 часот на влезот на Виница, полициски службеници од ОВР Винница ги лишиле од слобода М.Е.(24) и М.Д.(25), двајцата од Винница. При преглед во патничко возило „ситроен", управувано од М.Д., во кое сопатник бил М.Е., биле пронајдени и одземени марихуана, ризла и предмети со остатоци од марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2021 во периодот од 07.00 до 11.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници регистрирале и санкционирале 14 возачи кои ја надминале дозволената брзина на движење во населено место (Охрид-07, Дебар-07) и 6 возачи кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената надвор од населено место (Охрид-04, Дебар-02.).

На 23.10.2010 19.00 часот на автопатот Скопје – Гевгелија, на место викано „Клучка - с.Смоквица", полициски сужбеници од Полициската станица за Граничен премин „Богородица" дале знак за запирање на патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, но возилото не застанало и продолжило да се движи со голема брзина кон граничениот премин „Богородица". По преземени мерки, во близина на царинското терминал биле пронајдени возилото и совозачот Е.Ј.(24) од с.Арачиново, скопско. Исто така, во близина на возилото биле пронајдени и девет лица мигранти од Индија. Совозачот бил лишен од слобода, а мигранте биле спроведени во Прифатно-транзитниот центар „Винојут" во Гевгелија за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2021 во 17.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Тетово-Скопје, во близина на с.Ласкарци, општина Сарај, патничко возило „јагуар" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Н.И.(49) од с.Чегране, гостиварско, излетало од коловозот. На местото на несреќата починал сопатникот Н.З.(53) од с.Чегране. Возачот Н.И. и сопатниците А.К.З. и Б.И. се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршале Јавен обвинител и екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 23.10.2021 во 13.50 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на крстосница од регионалниот пат Гостивар – с.Чегране и локален пат во с.Форино се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од В.Р.(18) од с.Форино и патничко возило „опел зафира", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од малолетник од Гостивар. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот В.Р., а со телесни повреди се здобил малолетниот возач и малолетен сопатник во возилото „опел", констатирани воУргентен центар Гостивар. Увид извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 23.10.2021 околу 16.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на бул.„Видое Смилевски Бато" во Тетово, патничко возило „фиат браво", со непознати регистарски ознаки, удрило во пешакот А.А.(57) од с.Мала Речица, тетовско, по што го напуштило местото. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил А.А., констатирани во Клинички центар Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

Во текот на изминатото денонќие (23.10/24.10.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 20 прекршоци.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Х.Ќ.(27) од Гостивар, со привремен престој во Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 19.03.2021, полициски службеници од СВР Скопје извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и предмети со остатоци од кокаин и психоактивната компонента тетрахидроканабинол.

На 24.10.2021 во 10.45 часот во Полициско одделение Шуто Оризари С.М.(52) од Скопје пријавила дека нејзиниот син О.М.(25), за кого на 21.10.2021 пријавила дека се оддалечил од домот, на 22.10.2021 бил пронајден и вратен дома.

На 23.10.2021 во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека во с.Мрзенци, гевгелиско, Л.Л. од с.Мрзенци пронашол граната. Од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување било констатирано дека станува збор за неексплодирана граната со калибар од 105 мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната, а увид извршила екипа од ОВР Гевгелија.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ф.И.(63) од с.Голем Папрадник, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 27.08.2021, полициските службеници не го пронашле во неговиот дом, со што тој постапил спротивно на решението за задолжителна изолација издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и на законските прописи за заштита на населението од Ковид-19.

На 23.10.2021 во 14.00 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на локалниот пат с.Ложани, струшко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген туран", управувано од Н.М.(68) од с.Ложани и патничко возило „фолксваген венто", управувано од В.В.(23) од с.Велешта, струшко, двете со струшки регистарски ознаки. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката во возилото „фолксваген туран", Л.М.(56) од с.Ложани, додека двајцата возачи се здобиле со телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Струга. Увид извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 23.10.2021 во 11.30 часот во Полициската станица Прилеп – Полициска канцеларија Тополчани било пријавено дека во атар на с.Алинци, прилепско, Б.К.(70) од Прилеп пронашол неексплодирана граната. Пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување безбедно ја подигнал граната и констатирал дека станува збор за артилериска граната од 155 мм од Првата светска војна. Увид бил извршен.

На 24.10.2021 во 11.00 часот во ОВР Ресен, Д.Б.(24) од Битола, со живеалиште во Ресен, пријавил дека на 23.10.2021 околу 00.30 часот бил физички нападнат од Б.М., Ф.П. и уште неколку други лица. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против А.М.(33), Р.Е.(49), двајцата од Куманово и А.Н.(24) од Република Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" во врска со „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, на 16.09., на 18.09. и на 30.09.2021 на Граничен премин „Табановце" приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

На 23.10.2021 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во трговски центар на ул.„Љубљанска" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца вработени, М.А.(29) од Скопје и Б.М.(32) од с.Крушопек, скопско. На двајцата им бил сочинет записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 23.10.2021 околу 22.00 часот во Градскиот трговски центар во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Ј.(47) од Скопје, затоа што со уште две лица физички го нападнале М.З.(68) од Скопје, а се однесувал агресивно и се обидел физички да нападне и полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Нему му бил сочинет записник за констатиран прекршок по член 4, 6 и 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против П.Х.(50) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 11.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го затекнале пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за домашно лекување и изолација.

На 23.10.2021 околу 12.45 часот во СВР Тетово било пријавено дека во с.Брвеница, тетовско, П.А(63) од Кочани, додека извршувал работни задачи во фирма, му се слошило и починал. Смрт констатирал лекар од здравствена установа од с.Брвеница. Увид извршила екипа од СВР Тетово, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

На 24.10.2021 во 01.40 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Еврејска" во Штип бил нарушен јавниот ред и мир. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека В.М. од Штип физички ја нападнал К.К.(29) од Штип. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.10.2021 околу 21.00 часот во СВР Велес било пријавено дека во маркет на ул. „Благој Ѓорев" во Велес едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2021 во 14.00 во Богданци, полициски службеници од ОВР Гевгелија го лишиле од слобода А.Г.(36) од Богданци, поради сомнение дека вознемирувал малолетничка од Богданци, со прикажување фотографии со недолична содржина и допирање по телото. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.10.2021 околу 09.30 часот во ОВР Гевгелија било пријавено дека на место викано „Јаворица", атар на с.Миравци, гевгелиско, биле пронајдени тела на две починати лица, најверојатно мигранти. По овластување на Јавен обвинител, полициски службеници од ОВР Гевгелија извршиле увид и притоа кај едното лице била пронајдена картичка за идентификација издадена од Република Грција и било утврдено дека станува збор за малолетник од Авганистан, додека кај другото лице не биле пронајдени документи за идентификација. По наредба на Јавен обвинителта биле дадени на обдукција.

На 23.10.2021 во 19.35 часот во СВР Тетово, малолетник од Тетово, во присуство на неговата полнолетна сестра, пријавил дека околу 18.50 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2021 околу 22.00 часот во Градскиот трговски центар во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.З.(68) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. На него му бил сочинет записник за констатиран прекршок по член 4, 6 и 13 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 23.10.2021 година во 14.15 часот во СВР Куманово Р.Р. пријавил дека во населбата Средорек бил физички нападнат од С.С. и неговиот татко. Истиот ден во 14.17 часот С.С. пријавил дека бил физички нападнат од Р.Р. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.10.2021 во 21.00 часот во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека во аптека на ул.„Лазар Трпевски" едно лице со закана од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет